# ГЛАСОТ НА ГРАЃАНИТЕ

## Создавање ангажираност на засегнатите стани

## за ефикасно донесување одлуки

## Насоки за донесувачите на одлуки на ниво на ЕУ и на национално ниво



# СОДРЖИНА

**Вовед**...............................................................................................
**Што?** ..............................................................................................
Појаснување на концептите......................................................
Главни приниципи.....................................................................
**Зошто?**.................................................................................
Зголемена вредност на ангажираноста на засегнатите страни ............
Рамка на политики на ЕУ...................................................................
Тековни предизвици...............................................................................
**Што?**.........................................................................................................
Актери на политики..........................................................................
Други засегнати страни.....................................................................
**Како?** .........................................................................................................
1/ Дефинирање на опсегот и условите на дијалог и ангажираност..........
2/ Вклучување на вистинските засегнати страни
......................................
3/ Воспоставување јасна координација и контакт лица за засегнатите страни
...............................................................
4/ Инвестирајте во ангажираноста - распределување ресурси....................
5/ Поканете ги засегнатите страни – организирање прва средба............
6/ Инвестирање во ефикасни методологии.............................................
7/ Инвестирање во градење капацитети ................................................
8/ Воспоставување или зајакнување правна рамка за граѓански дијалог...............................................................................................
9/ Промоција на заемно учење и размена на методологии и резултати со други администрации на ниво на ЕУ...................................................
10/ Оценување, приспособување и интегрирање....................................
**Делување!**..........................................................................................
**Библиографија**..................................................................................
Повеќе податоци за ангажираноста на засегнатите страни ....................
Признанија.................................................................................


Verteilungskämpfe,
DIE ARM

# ГЛАС НА ГРАЃАНИТЕ

## Создавање ангажираност на засегнатите страни

## за ефикасно донесување одлуки

Насоки за донесувачите на одлуки на ниво на ЕУ и на национално ниво

## ВОВЕД

Денес кредибилноста на ЕУ и борбата против сиромаштијата се соочуваат со сериозна криза: ЕУ и земјите-членки воопшто не ја исполнуваат целта на стратегијата Европа 2020 (за спас на најмалку 20 милиони луѓе од ризикот од сиромаштија), напротив, дополнително, повеќе од 8 милиони луѓе се наоѓаат во состојба на ризик од сиромаштија![1] Отутка неопходно и итно е ефикасното спроведување на стратегијата Европа 2020 и политиката за борба против сиромаштијата.

*„Иако постојат извесни знаци на еценомско заздравување, социјалната криза во Европа продолжува. Некои земји-членки сé уште се соочуваат со социјална неопходност и нееднаквости во самите земји-членки, како и помеѓу нив се во пораст. Поради долгата криза во еврозоната, не успеавме да ѝ се доближиме на на нашата стратегија Европа 2020 за избавување на најмалку 20 милиони луѓе од сиромаштијата и/или социјална ексклузија. Токму напротив, бројот на лица во ризик од сиромаштија и социјална ексклузија во ЕУ (кој се состои од лица во ризик од финансиска сиромаштија, кои живеат во материјална беда или пак во домаќинства на невработени лица) зголемени од 114 милиони во 2009 год. на 124 милиони во 2012 год. Поради ова ситуацијата е поитна од кога било за изнаоѓање и спроведување на нови решенија за монетарните проблеми на ЕУ. Земјите-членки треба да ги насочат своите напори и средства повеќе за креирање нови работни места и борба против сиромаштијата. Но, за да дојде до вистински промени треба политиките, нивниот план и спроведувањето да*

[1] Еуростат

*се прават во тесна соработка со давателите на социјални услуги, граѓанското општество и луѓето што живеат во сиромаштија. Тековниот преглед на стратегијата Европа 2020 ни дава нова можност да извлечеме поуки од годините на криза и да ги наведеме неопходните активности на европско, национално и локално ниво.*

Ласло Андор, Европски комесар за вработување, социјална работа и инклузија.

ЕАПН верува дека развивањето ефикасни политики за борба против сиромаштијата многу зависи од поставувањето вистински прашања и изнаоѓањето вистински одговори. Ова подразбира практикување на ефикасниот партиципативен процес што може да ја зголеми експертизата и знаењето на сите клучни актери.[2]

Затоа се клучни размислувањата и решенијата кои директно доаѓаат од луѓето што директно живеат во сиромаштија. Редовниот дијалог и вклученоста со граѓанското општество сепак не е суштинско за постигнување на позитивни политички решенија, но е неопходно за обезбедување одговорност и легитимитет за владините политики.

На почетокот ЕУ презеде извесни чекори во вистинската насока за промоција на ваквата партиципативна граѓанска ангажираност, преку Социјалниот ОМЦ а особено во националните акциони планови за инклузија. Новиот терен на Европа 2020 со националните реформски програми и Европската платформа за борба против сиромаштијата изгледа понудија позитивни можности за добра ангажираност, но, преовладува широкото мислење дека оваа ангажираност лошо се спроведува.[3]

---

[2] Оваа брошура расправа за развој на ефикасен дојалог помеѓу засегнатите страни кој се заснова на опта согласност. Секкао, ЕАПН исто така користи други начини на ангажирање, други форми на ефикасно учество на засегнатите страни како: кампањи, директно делување, алтернативи на моделирање, граѓанска непослушност итн. кои се надвор опсегот на ова издание.

[3] Според сопсвените проценки на ЕАПН, *Зголемување на јазот,* Проценка на ЕАПН за 2013 год. за националните реформски програми: сајт

Додека Заедничките принципи за ангажираност на засегнатите страни беа ветени во Европската платформа против сиромаштијата[4], ни претстои мал напредок.

За да се смени оваа ситуација ЕАПН (Европската платформа за борба против сиромаштијата) го изготви овој прирачник кој нуди насоки за ефикасна ангажираност на засегнатите страни. Прирачникот има за цел да даде свој придонес во оваа значајна цел преку обезбедување заеднички принципи, конкретни инструменти и совети кои би им помогнале на донесувачите на политики да преземат значаен чекор практикување на ефикасниот дијалог помеѓу засегнатите страни, повикувајќи се на конкретни мотивирачки пракси – на ниво на ЕУ, на национално и поднационално ниво.

Експлицитно ја наведуваме рамката на стратегијата Европа 2020, а особено целта за намалување на сиромаштија, развиена преку инструментите (Националните реформски програми, национални социјални извештаи и препораки по одредена земја, Европската платформа за борба против сиромаштијата, Европската конвенција, националните платформи за борба против сиромаштијата и социјалната ексклузија...).

Од друга страна пак, со обаа брошура имаме за цел да понудиме инструменти кои имаат поголем дофат до засегнатите страни во доменот на социјалните политики и политиките со директна видлива врска со борбата против сиромаштијата. И другите (макроекономски) политики можат многу да влијаат на борбата против сиромаштијата, што подразбира дека исто така во овие домени, ангажираноста на

[4] Првобитната комуникација на стратегијата Европа 2020 ја истакна важноста од партнерски пристап:

*„Овој пристап на партнерство треба да се прошири на Еу заедниците, на националните парламенти и националните, локалнтеи и регионалнтеи власт, социјалните партнери и засегнати страни на граѓанското општество, такашто секој треба да биде вклучен во реализирањето на оваа цел.“*

*„Успехот на новата стратегија оттука критички ќе зависи од институциите на ЕУ, земјите-членки и домените кои јасно прикажуваат зошто се потребни реформи -и неозбежни за одржување на квалитетен живот и сигурни социјални модели, - каде би сакале да бидат Европа и нејзините земји-членки до 2020 год., и каков придонес бараат од граѓаните, бизнис секторот и нивните претставнички организации“ (EAPN Toolkit on Engaging in the National Reform Programmes).*

засегнатите страни во глобала и вклученоста на луѓето кои живеат во сиромаштија и НВО кои работат со и за нив[5] е и корисна и неопходна.

Се надеваме дека оваа брошура ќе ги мотивира донесувачите на одлуки на сите нивоа да го преземат следниот чекор кон вистински и ефикасен дијалог помеѓу засегнатите страни со лицата кои го сносат најголемиот товар од политиките.

## ШТО?

*Во ова поглавје одблиску ќе се задржиме на поимот што значи „значаен дојалог помеѓу засегнатите страни и ангажираност на истите.“ Ова подразбира дека најпрвин треба да ги појасниме концептите „засегнати страни“, „дијалог“ и „ангажираност“, како и да понудиме некои основни приницuпи. Овие основни принцпи произлегуваат од работењето да се заангажираат луѓето кои живеат во сиромаштија и НВО за борба против истата во развојот на стратегии за борба против сиромаштијата на национално и на ниво на ЕУ.*

### ПОЈАСНУВАЊЕ НА КОНЦЕПТИТЕ

⇒ **Засегнатите страни** се заинтересирани страни или групи, клучни актери, особено оние организации и поединци кои се засегнати од одредени политики.

⇒ **Дијалогот помеѓу засегнатите страни** може да се опише како олеснат процес во кој владите го одржуваат дијалогот со оние организации за кои се смета дека имаат удел во неговите активности и кои придонесуваат за остварување на неговите цели. Ова може да е еднократна ситуација или пак дел од долгорочен структуриран процес. Се работи за двонасочна комуникација, а не само пренесување информации.

⇒ **Ангажираноста на засегнатите страни** го опишува поширокиот, поинклузивен, континуиран процес на дебата и интеракција помеѓу владата и засегнатата страна кој доведува до структуриран однос.

[5] *‘Non-Governmental Organisations working with or for them’* Понекогаш овие организации вклучуват самоорганизирани групи, понекогаш се предмет на интерес на граѓанските организации кои ги застапуваат правата на луѓето со директно искуство во сиромаштијата и кои работат заедно со нив.

***Во оваа брошура под поимот „значаен дијалог и ангажираност на засегнатите страни“ се подразбира целта на градење редовен и корисен дијалог помеѓу засегнатите страни и креаторите на политики на разни нивоа на управување, како дел од еден структуриран процес на ангажираност на засегнатите страни.***

**Мотивирачка пракса бр. 1: Белгиската платформа за борба против сиромаштијата и социјалната ексклузија и Европа 2020**

Белгиската платформа за борба против сиромаштијата и социјална ексклузија ЕУ2020 е платформа на дијалог што ги обединува лицата кои имаат директно искуство во сиромаштијата и НВО кои работат со и за нив, социјалните партнери, јавните услуги, локалните власти, приватните актери, (претставник на) Секретарот на државата одговорна за борба против сиромаштијата.
Во текот на средбите на Белгиската платформа се дискутираше на разни теми: Белгиската политика за борба против сиромаштијата, спроведувањето на стратегијата ЕУ2020 во Белгија, годишната конвенција... Белгиската мрежа за борба против сиромаштијата организира еден интензивен процес со лицата кои живеат во сиромаштија во подготвувањето на состаноците на Белгиската платформа.

*„Фактот што лицата со директно искуство во сиромаштијата (и НВО) се во постојан и тековен дијалог со креаторите на политики и властите, е од големо значење. Ова е можност белгиската влада да ги консултира овие експерти за релевантни прашања. Иако за жал, платформата нема строго формален статус и не е признаена како консултативно тело за сите релевантни политики.“*

Белгиска мрежа за борба против сиромаштијата, 2013.

## ОСНОВНИ ПРИНИЦИПИ

**Значајната ангажираност на засегнатите страни треба да е:**

## ПАРТИЦИПАТИВНА

- √ Директното учество на лицата со искуство во сиромаштијата и НВО кои работат со и за нив треба да е експлицитен критериум и приоритет.
- √ Потребно е време за интегрирање на позитивна, партиципативна методологија која доведува сите засегнати страни да можат да земат рамноправно учество.

## ИНКЛУЗИВНА

- √ Ангажираноста треба да цели кон вклучување претставници од сите групи соочени со ексклузија (разноликост во поглед на возраст, пол, средина, способности...)
- √ Да признаат дека сите партнери немаат еднаква моќ и влијание. Секој процес на дијалог мора да направи дополнително труд за вклучување на најранливите и да промовира методологија која обезбедува нивно еднакво учество.

## ДА ИМА ПОЧИТ КОН

- √ Мора да постои ***заемна почит*** помеѓу сите инволвирани актери и признавање на сите надлежности како соговорници на ***рамноправна основа,*** без оглед на нивната положба или влијание.
- √ Засегнатите страни, вклучувајќи ги тука и луѓето со директно искуство во сиромаштијата ***се независни и еднакви актери*** со сопствена експертиза, визија и политички барања и треба да се признаат како такви. Тие можат да ***претставуваа групи*** и нивното вложување е од витално значење за политичките решенија кои ги надминуваат личните приказни и искуства.

## КОНТИНУИРАНА И ДВОНАСОЧНА

- √ Структурираниот дијалог не е само еднократен состанок за консултации или информирање, туку е непрекинат процес кој се развива со текот на времето.

- √ Заложбата за долгорочен дијалог и ангажираност треба да се направи од почетокот како првенствено двонасочен однос.

## ОТВОРЕНА

- √ Ангажираноста на засегнатите страни може да е ефикасна само во една атмосфера на доверба и сигурност, во која секоја од засегнатите страни може да се вклучи во еден отворен дијалог, исто така кога ова подразбира дека се активни критичните гласови.
- √ Можат да се користат различни (креативни/нетрадиционални) методологии и да доведат до негување доверба и сигурност, од креаторите на политики и од засегнатите страни.

## ТРАНСПАРЕНТНА

- √ Уште на почеток треба да е јасен опсегот на ангажираноста (ограничувањата и потенцијалот), процесот на донесување одлуки и улогата на засегнатите страни, како и целосните информации за процесите на донесување одлуки.
- √ Само ако на засегнатите страни им е јасно за начинот на донесување на одлуките, нивната улога, одговорностите и функциите, можно е постигнување на еден конструктивен однос и градење доверба.
- √ Засегнатите страни и асоцијациите на лица со директно искуство во сиромаштијата исто така треба да го потврди нивниот претставнички статус и механизми.
- √ На сите засегнати страни треба да им бидат ставени на располагање сите релевантни документи и нацрт-документи.
- √ Треба транспарентно да се собираат ставовите на засегнатите страни како еден интегрален дел од оценката.

## ОДГОВОРНА

- √ Треба да им се обезбеди на засегнатите страни конструктивна и навремена повратна информација на секое ниво – особено кога има извесно вложување, за појаснување што е преземено, што не, и зошто.

- √ Ставовите на засегнатите страни треба да се соберат и вклучат во форма на посебен анекс кон документот за политики (како во случајот со француската национална реформска програма/ NRP*).

## КОХЕРЕНТНА

- √ Методите и начините на третирање на засегнатите страни, особено на луѓето со директно искуство во сиромаштијата треба да се кохерентни со промовирањето инклузивни кохезивни општества засновани на човечко достоинство и права.
- √ Сите нивоа на креирањето политики (ЕУ, национално и поднационално) треба да се согласат за заедничките принципи* за ангажирање на засегнатите страни, вклучувајќи ги тука и луѓето со директно искуство во сиромаштијата, преземање одговорност за нивно спроведување и контрола на спроведувањето.

## ЕФИКАСНА

- √ Ефикасно консултирање кое подразбира вклученост уште од нацрт-планирањето или развивање одговор на политики преку нивно спроведување и контрола.
- √ Ефикасното консултирање треба да се оценува во рамки на неговите цели – за содржината и процесот. Успешниот дијалог значи дека има влијание и постојат видливи/материјални резултати!

**МИТ 1: *Ангажираноста на засегнатите страни одзема многу време...***

Вистина е дека е потребно време за постигнување општа согласност и темелна подготовка, но..

- ⇒ За секој час минат во дијалог со засегнатата страна има повеќекратни ефекти на дополнителен влог за подобри решенија.
- ⇒ Придонесува за ефикасни политики, и како таков, не е трошење време туку паметна инвестиција!

Заклучок: Неефикасното трошење време се смета за залудно потрошено! Заштедува време!



**Мотивирачка пракса 2: ЕАПН Полска**

Во 2011 год., немаше консулттации во националните реформски програми, туку полека беше создадена институционална структура, вклучувајќи ги социјалните партнери и НВО. Во 2012 год. забележано е слабо влинајие во финалниот текст. Сепак, во 2013 год. 2 НВО поднесоа детаљни дополненија, а некои беа прифатени и се доби повратна информација зошто не беа прифатени другите. Оттогаш партнерите можат да предлагаат теми: вработување на младите, деловна соработка, образование, сиромаштија кај вработените – врз основа на CSRs корпоративни социјални одговорности* добиени од Полска. На овој начин ЕАПН Полска успеа од аутсајдер да добие активна улога во интер-владиниот процес.

Во поглед на ангажираноста на ЕАПН со програмата за борба против сиромаштијата, постои важна условеност во регулирањето на структурните фондови да имаат стратегија за борба против сиромаштијата. ЕАПН Полска предложи ова да биде вклучено во националните реформски програми, што

беше усвоено во 2013 год., а нацртот започна во јануари. На ЕАПН Полска ѝ беше пратена работна верзија и беа поднесени 140 коментари кон истата, но не постои никаков институционален процес на консултирање во врска со ова, па влијанието е нејасно.

(Извештај од конференцијата на ЕАПН (2013): Каков е напредокот во сиромаштијата и учеството, октомври 2013 год.).

## ЗОШТО?

*Во ова поглавје ќе се задржиме на прашањето зошто треба да се оганизира значајна ангажираност на засегнатите страни. Најпрво, ќе ја прикажеме зголемената вредност, а во вториот дел ќе потенцираме како ЕУ ја препознава потребата од ангажираност на засегнатите страни за креирањето добри политики и на крајот ќе ги испитаме предизвиците со кои се соочуваме денес, што ја прави квалитетната ангажираност на засегнатите страни уште понеодложна.*

## ЗГОЛЕМЕНА ВРЕДНОСТ НА АНГАЖИРАНОСТА НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

Граѓанските асоцијации чие мото е борба за остварување на правата честопати работат интерсекторски, промовирајќи сеопфатен пристап кон одржливоста на општеството и добросостојбата на своите жители. Бидејќи административните тела се неретко ограничени во опсег ви-за-ви другите власти, холистичкото разбирање и податоци од терен што ги носи граѓанското општество во донесувањето одлуки придонесуваат во политичките одговори кои го исполнуваат стратешкиот пристап. Ова ја прави ангажираноста на засегнатите страни заемно делотворен процес, една вин-вин ситуација која резултира со подобро креирање политики.

## ИНКОРПОРИРАЊЕ ЕКСПЕРТИЗА И ЗНАЕЊЕ

- √ Луѓето кои имаат директно искуство во сиромаштијата и нивните претставници имаат знаење кое честопати го немаат креаторите на политики, комплементарно знаење што може да ги направи политиките поефикасни и поделотворни. Ова може да биде особено важно за да се разбере кои работи функционираат, а кои не – и зошто.

## ОСПОСОБУВАЊЕ НА ЛУЃЕТО И ЗАЕДНИЦИТЕ

- √ Најсигурно се стигнува до инклузијата преку учество. Преку ангажираност во процесите на креирање политики, лицата погодени од сиромаштија особено се оспособени како поединци, што претставува значаен чекор кон социјална инклузија и активно граѓанство.
- √ Се зајакнува индивидуланото оспособување преку изградба на колективно делување. Процесите на засегнатите страни можат да играат

значајна улога во градењето кохезивни заедници кои учествуваат во процесите на донесување одлуки, градејќи ја можноста за ангажирање и предлагање колективни решенија.

## ПРОМОЦИЈА НА ЗАЕМНО УЧЕЊЕ И РАЗБИРАЊЕ

- √ Ангажираноста на засегнатите страни е заемен процес на учење за лицата со директно искуство во сиромаштијата, НВО и донесувачите на одлуки. Засегнатите страни можат да понудат релевантно знаење и експертиза, суштинска за развој на политиките и кои всушност одговараат на вистинските потреби.
- √ Донесувачите на одлуки можат да ги пренесат клучните информации и примери кои ги поткрепуваат одлуките што ги донесуваат. Ова може да помогне во градење подобро разбирање на контекстот и ограничувањата.

## СОЗДАВАЊЕ ОПШТА СОГЛАСНОСТ, ОДГОВОРНОСТ И ЛЕГИТИМИТЕТ

- √ Дебатирањето со теренските организации засегнати страни може да помогне во создавањето општа согласност за причините на проблемите, карактеристиките и решенијата.
- √ Подготвени за заедничко развивање политики, да се признаат потешкотиите и предизвиците, создава поголема доверба и им овозможува на граѓаните да почувствуваат дека владите се поодговорни кон нив за одлуките кои ги донесуваат. Ова помага во зголемувањето на легитимитетот.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ВИДЛИВОСТА И ЈАВНАТА СВЕСТ

- √ Активното ангажирање на инволвираните засегнати страни е еден од најдобрите начини за публикување и давање видливост на ЕУ и националните стратегии како Европа 2020 – бидејќи истите можат да ги објавуваат преку нивните сопствени инструменти на комуникација, медиумската работа и во нивната работа за залагање и застапување.
- √ Како се зголемува видливоста – така се зголемува и свеста за проблемите, ограничувањата и решенијата.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КООРДИНАЦИЈАТА

- √ Здружувањето на засегнатите страни од разни домени на политики и области на интервенција може да помогне за подобрување на хоризонталната координација.
- √ Вклучувањето разни нивоа на управување може да ја зголеми вертикалната координација, т.е. особено во редовите на донесување политики.

Преку давање глас на лицата кои се директно засегнати од креирањето политики, особено вклучувајќи ги и лицата со директно искуство во сиромаштијата и социјалната ексклузија, владите, локалните власти и агенти, државните тела, бизнис секторот и сите релевантни актери чии одлуки влијаат врз животите на луѓето, ќе имаат полза од влогот и експертизата на граѓанските организации, помагајќи им да ја зголемат ефикасноста на нивните одговори на политиките и

активностите кои ги преземаат и се залагаат дека усвоените мерки ќе обезбедат подобра социјална инклузија, социјална заштита, пазари на труд итн.

Во кризни времиња, засилени од предизвиците во животната средина и демографското стареење, ваквото широко учество на граѓаните кои ја претставуваат разноликоста на населението и старосните групи и нивните организации ќе им помогнат во размислувањето за нивните потреби и очекувања на нашите разнолики општества.

*„Полилитиките се посилни, постабилни и сигурни во оние оштества со голем степен на учество и социјална кохезија. Затоа борбата против сиромаштијата мора да е колективна борба за остварување на правата на сите луѓе. Лицата одговорни за јавните политики, особено, мора да ги земат предвид потребите и предлозите кои доаѓаат од оние кои живеат во социјална екслузија.“*

Лер Пахин, поранешен министер за здравство, социјална политики и еднаквост (Шпанија, 2010).

## РАМКА НА ПОЛИТИКИ НА ЕУ

*Дијалогот помеѓу засегнатите страни особено го препознава ЕУ како неопходна компонента за креирањето добри политики на ниво на ЕУ. Оваа поддршка постепено расте со развојот на водството и кодовите на водство во клучните области.*[6] *Сепак, помошните аргументи исто така се користат за влошување на улогата на ЕУ во овој домен, наведувајќи дека треба да им се отстапи на земјите-членки да развијат свои процеси. Кохерентното креирање политики сепак бара избалансиран терен и заеднички правила, дури и ако методите се приспособени на националните контексти.*

### Принципи на управување во Лисабонскиот договор

Граѓанскиот дијалог е ***првиот принцип помеѓу принципите на управување во Лисабонскиот договор*** (Член 11). Овој член се чини го препознава значењето на партицпативната демократија, заснована на ангажираност на засегнатите страни, може да го намали т.н. демократски дефицит на Европската Унија. Член 11 нуди правна основа за граѓански дијалог –разликувајќи го ос социјалниот дијалог – и ја вклучува одговорноста на сите институции на ЕУ. Следејќи ја ваквата логика, активното учество на сите граѓани и нивните претставници треба да стане принцип за добро управување и конечно да се формира комплементарност на репрезентативната демократија. Овој граѓански дијалог ќе стане еден од главните инструменти во процесите на креирање политики и донесување одлуки во контекст на ЕУ.

[6] На пр. Кодот на однесување во партнерство усвоен од ЕС* во јануари 2014 год. изрично промовира вклученост на граѓанското општество во креирањето, спроведувањето и следењето на Структурните и инвестициски фондови на ЕУ: http://ec.europa.eu/regional_policy/what/future/pdf/preparation/da_code%20of%20conduct_en.pdf

Европските институции треба да спроведуваат еден „отворен, транспарентен и редовен дијалог со репрезентативните организации  и граѓанското општество.“ Во согласност со Членот 11: институциите на ЕУ имаат заедничка одговорност да обезбедат дека организираното граѓанско општество, кое ги отелотворува аспирациите и интересите на граѓаните на ЕУ, е активно вклучено во формулирањето на процесите и политиките на ЕУ. Вистинска и долгорочна заложба на сите институции на ЕУ за ангажирање во ***траен и структуриран дијалог*** со организирано граѓанско општество на европско ниво е затоа неопходна.

## Отворен метод за координација

Принципот за ангажираност на граѓанското оштество исто така е поткрепен од *Социјалниот отворен метод на координација. Заедничките цели* во 2008 год., а потврдени во 2010 год. потенцираа дека зајакнатиот ОМЦ треба да го удвои фокусот за промовирање добро управување, транспарентност и ангажираност на засегнатите страни. Во областа на социјална инклузија, даден е приоритет на промовирање на учеството во донесувањето одлуки, обезбедувајќи координација на политики помеѓу владините гранки и нивоа.

Според мислењето на Комитетот за социјална заштита за „Освежување на Социјалниот ОМЦ“ одобрено од страна на Советот на EPSCO на 17. јуни 2011 год., значајно е подобрувањето на вклученоста на социјалните партнери и НВО во поглед на зголемувањето на сопственоста и ефикасноста на политиките во контекст на методот. Згора на тоа, мислењето бара „заложбата* на земјите-членки да ги покриваат политиките и мерките во трите гранки на Социјалниот ОМЦ“ (социјална инклузија, пензии и здравствена и долгорочна нега) и „потребно организирање на работа за да се обезбедат синергии со циклусот политики на Европа 2020 и барањата за национално известување и да се избегнат дуплирања.“

## Европа 2020

Стратегијата Европа 2020 нуди клучна можност за поддршка на граѓанското општество во дијалогот на зсегнатите страни, особено во поглед на исполнувањето на целта – намалување на сиромаштијата до најмалку 20 милиони до 2020 год. и другите клучни социјални цели.

Според договорените Интегрирани насоки и заклучоци на Европскиот совет од 24-25. Март 2011 год. за Европа 2020[7], стратегијата Европа 2020 треба да се развива во тесно партнерство со јавните власти на сите нивоа, особено вклучувајќи ги и националните парламенти. Исто така е наведено ***дека социјалните партнери и претставници на граѓанските општества исто така ќе бидат консултирани при изготвувањето на националните реформски програми***

[7] Заклучоци од Европскиот совет, 24-25. март 2011 год.:

http://ec.europa.eu/regional_policy/what/future/pdf/preparation/da_code%20of%20conduct_en.pdf

***и вклучени во активностите што следат.“*** Сите национални реформски програми треба да продолжат со известувањето за тоа како се инволвирани засегнатите страни во процесот.

## Европска платформа за борба против сиромаштијата

Европската платформа за борба против сиромаштијата претставува една од 7те водечки иницијативи на стратегијата Европа 2020 со конкретна задача да им помогне на земјите на ЕУ да ја постигнат целта за намалување на сиромаштијата, низ 5 области на делување. Областа 4 експлицитно се фокусира на партнерство со граѓанското општество со цел поддршка на поефикасно спроведување на реформите за социјални политики.

Во *Комуникацијата на* Носечката *Европска платформа за борба против сиромаштијата*[8] Комисијата самата се заложи за „претставување на доброволни насоки за вклучување на засегнатите страни во дефинирањето и спроведувањето на активностите и програмите на политики за справување со сиромаштијата и ексклузијата и ќе го промовира нивното спроведување на национално, рагионално и локално ниво“ и особено ја препознаа ***„клучната улога на луѓето со директно искуство во сиромаштијата.“*** *Учеството на лица со директно искуство во сиромаштијата се признава како врвна цел во политиките на инклузија, и како инструмент за индивидуално оспособување и како управувачки механизам.“*

## Пакет социјални инвестиции*

Во неодманешниот *Пакет социјални инвестиции** (SIP*), извештајот за спроведување на активна инклузија особено се однесува на важноста од ангажирање на „релевантните фактори поенергично во развојот, спроведувањето и оценувањето на политиките – вклучувајќи ги оние погодени од сиромаштијата и социјална ексклузија.“

## ТЕКОВНИ ПРЕДИЗВИЦИ

*Зголемен број граѓани се чувствуваат исклучени од конвенционалните политики и општествени дебати и дека репрезентативната демократија не успева да ги реши грижите на луѓето и да ги исполни нивните потреби. На пример, мал е бројот на лица кој гласаат на националните избори, а на ниво на ЕУ зголемен број на луѓе имаат помала доверба. За разлика од него, граѓанското општество константно расте и денес е нашироко претставено од структури на*

[8] Комуникација: European Platform Against Poverty: A European framework for social and territorial cohesion/* COM/2010/0758 final*/

*самозаложба и други групи чиј интерес е заедницата. Овие разни претставувања на граѓанското општество сочинуваат еден нов и значаен дел од демократијата и им овозможуваат на граѓаните да ги искажат своите ставови за општествените прашања, како се обликувани општествата и да влијаат на процесите на донесување одлуки на сите нивоа. Но постојат одредени предизвици кои треба да се надминат...*

## Недостаток од ЗНАЧАЈНО учество

Процесот Европа 2020 имаше намера да ги ангажира засегнатите страни во креирањето и исполнувањето на Националните реформски програми посветени на исполнување на целите на Еропа 2020, вклучувајќи ја тука и целта за борба против сиромаштијата. Сепак, постои општо мислење дека ова не функционира. ЕАПН за својата Оценка од 2013 год. за Националните реформски програми:

Проширувањето на јазот е забележано како „*целокупен недостаток од напредок во поглед на значајно улество“* кај само 13 национални мрежи кои успеваат да добијат каков било вид на ангажираност, 7 испраќаат пријави, а други 6 кои се обидуваат да се вклучат во процесот. Но, 67% сметаат дека нивните пријави не биле сериозно земени предвид. Само 3 го квалификуваа како значајно, во поглед на капацитет да имаат какво било влијание на политиките и да добијат повратни информации. Многумина ја квалификуваа ангажираноста како „пренесување информации“ и во најлош случај „политички театар“. Позагрижувачки е што организациите почнуваат да ја преиспитуваат вредноста на ангажираноста. Ова може да ја загрози одговорноста и легимитетот на целата стратегија.

ЕУ мрежата од независни експерти за социјална инклузија го потенцира истиот недостиг од квалитетна ангажираност на засегнатите страни во нивните оценки од Националните реформски програми од 2011, 2012, 2013 год. за Европската комисија[9]. На пример, во 2013 год. „Ангажираноста на засегнатите страни позитивно се оценува во случајот на само пет од Националните реформски програми  и два стратешки социјални извештати (SSRs*). Додека во повеќето земји постои одредено ниво на ангажираност на засегнатите страни, [10]постои значителен простор за подобрување.[11]

Истата загриженост се споменува и во Годишниот извештај на комитетот за социјална заштита од 2012 год.

---

[9] (EC Feb 2013)

[10] Hugh Frazer, discussion paper* for the peer review on the Belgium anti-poverty Platform, Belgium 2014.

[11] Frazer and Marlier, 2013

## Скептицизам за ЕУ и Европа 2020

Поддршката на ЕУ многу е намалена, како што покажуваат резултатите од истражувањата на Евробарометарот. 60% од Европјаните во 2013 год. „претпочитале да не ѝ веруваат на ЕУ“, споредено со ниво на недоверба од 32% евидентирано во почетокот на 2007 год. пред почетокот на глобалната финансиска криза од 2008/2009 год. и должничката криза во еврозоната која следеше.[12]

**МИТ бр. 2: Нашите политики веќе се ефикасни без сето ова**

- ⇒ Постојат огромни докази и истражувања кои покажуваат дека сирошатијата се зголемува и покрај воспоставениот сет политики и пракси за справување со сите предизвици;
- ⇒ Во сите земји има простор за подобрување;
- ⇒ За зголемување на ефикасноста на постоечките политики неопходно е да се употреби знаењето, искуството и експертизата на лицата засеганти од нив.

Јасно е дека мнозинството денес не знаат за Европа 2020. Онаму каде се ангажирани луѓето, веќе не веруваат во неа, или ја гледаат како нерелевантна. Исто така ниту националните влади не ја сметаат секогаш за важна или релевантна. Во повеќето земји стратегијата е невидлива, и недостатокот од ангажираност на засегнатите страни само уште повеќе ја потиснува. Одлуките треба да ја добијат неопходната согласнот на граѓаните, консултирањето носи политичка поддршка, кредибилитет, одговорност и видливост. Им ја дава можноста на донесувачите на одлуки да комуницираат и да дојдат до општа согласнот за конкретните политики, како и да ги објаснат своите избори.

Денес постои зголемен демографски дефицит и зголемен недостиг од вклученост на засегнатите страни во процесите за донесување одлуки во ЕУ и на национално ниво (особено поврзаци со борбата против сиромаштијата). Ова ја прави борбата против сиромаштијата неефикасна и недемократска. Како што наведува и Оценката на ЕАПН на Националните реформски програми од 2013 год.: *„Континуираниот недостиг од каква било сериозна заложба за ефикасно демократско и партиципативно управување во процесите на националните реформски програми и CSR* со неколку знаци на значајна ангажираност во повеќето земји вклучувајќи ги и националните парламенти и засегнати страни, го покренува прашањето за одговорноста и одржливоста на целокупната стратегија, поставувајќи го прашањето: „Зошто граѓаните и понатаму ја поддржуваат ЕУ?“*[13]

ЕАПН и нејзините членки не се единствените кои предупредуваат од овој недостаток од партиципативно управување. Самата комисија наведува дека во Белешката за управување за националните реформски програми за 2014 год. стоело следново:

[12] http://www.euractiv.com/section/elections/news/record-60-of-europeans-tend-not-to-trust-eu/ и http://ec.europa.eu/public_opinion/archives/eb/eb79/eb79_first_en.pdf стандарден Евробарометар 2013

[13] Издание на ЕАПН ‘Widening the Gap. EAPN Assessment of the National Reform Programmes 2013’, 2013

*„Вклученост и тесна соработка со парламентите, социјалните партнери и претставниците на граѓанските општества е неопходна за обезбедување сопственост и олеснување на процесот на спроведување на препораките од политиките и целите. Ниското ниво на вклученост на овие актери претставува фактор кој стои позади зголемената критика за демократскиот легитимитет на Европскиот семестар.“*[14]

*„Европа и Европа 2020? Повеќе не веруваме во ова! Зошто? Бидејќи не ги исполнува ветувањата!“*

П.Р. (лице со директно искуство во сиромаштијата, Брисел, 2013)

**МИТ бр. 3: Ангажираноста на засегнатите страни не не доведува до брзи придобивки**

- ⇒ Еднократните дискусии ретко се практични. Долгорочната инвестиција во односот е неопходна за добивање нови резултати
- ⇒ Засегнатите страни не се само даватели на услуги, или лица кои живеат во сиромаштија, туку гласачи и носители на јавното мислење.
- ⇒ Затварањето на демократскиот дефицит преку вклучување на граѓаните поактивно во одлуките, на придобивките им дава поголем легитимитет
- ⇒ Вклученоста на засегнатите страни може да создаде една култура на соработка, води до зголемено знаење и сопственост* на креирањето политики, политиките им ги приближува на луѓето и доведува до подобри политики.

## Потреба од кохерентност помеѓу различните домени на политики

Денес постои значителен недостиг од кохерентност помеѓу разните домени на политиките, а доминацијата на одредени домени на политики (и политики), особено на макроекономските во однос на останатите. Ова ги влошува социјалните политики и цели: зголемени намалувања во јавните услуги и бенефиции, намалувања на платите ... исто така ја нарушуваат потрошувачката и економското заздравување, создавајќи поголема сиромаштија.[15]

Луѓето си директно искуство во сиромаштјата и нивните организации ги чувствуваат директните последици од овие политики, и треба да се консултираат, исто и за макроекономските теми. Ангажираноста на засегнатите страни може да спречи да различните политички домени меѓусебно да се влошуваат или да станат контрапродуктивни.

[14] European Commission Guidance Note for the NPRs 2014.

[15] Видете и изданието на ЕАПН ‘Widening the Gap. EAPN Assessment of the National Reform Programmes 2013’, 2013

*„Тука сите зборуваме на ист јазик – сакаме да докажеме дека сме човечки суштества. Моето учество во Консултативниот совет* служи за да ги поттикне другите да преземат напори, но ито така сакаме да го привлечеме вниманието на донесувачите на одлуки и да им покажеме дека постоиме и дека сме граѓани со целосни права. Многумина од нас, во овој простор на учество, сметаме дека сме луѓе што вредат.*

*Од моето учество, се стекнав со големо знаење и се развив како човечко суштество. Мојата мотивација е да се учествува за сите да имаме достоинствен живот, дом, работа, образование и пристап до културата. Пораката што сакам да ја испратам е дека сите луѓе треба да размислуваат дека еден ден и тие можат да паднат во замката на сиромаштијата.*

Аделиа Фернандес, Член на локалниот Консултативен совет на Сетубал, Португалија и обласен претставник во националниот Консултативен совет на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија.

## КОЈ?

*Кој треба да биде вклучен? Важно е да се најдат вистинските луѓе кои можат на маса да го стават своето искуство.*

*Секако дека процесот на дијалог претставува интерактивно ангажирање. Или поточно подразбира размена помеѓу две страни. Нормално на едната страна е владата/ донесувачите на одлуки, а на другата се луѓето/ групите кои сакаат да го истакнат влијанието на вториве во процесот на донесување одлуки, или лицата чии интереси се во прашање.*

*Во контекст на Европа 2020, соцјалните политики и конкретните политики во борбата против сиромаштијата, подразбира дека **луѓето со директно искуство во сиромаштијата и нивните НВО** секогаш треба да се ангажираат. Тие ја имаат потребната експертиза и сакаат да земат учество.*

**Мотивирачка пракса бр. 3: Платформа на третиот сектор, Шпанија**

Платформата на третиот сектор, Шпанија (PTS) е важен соговорник за шпанската влада за социјалните политики. Методологијата што се користи е следнава: ЕАПН Шпанија разработува нацрт-документ кој им се испраќа на сите членови (19те автономни мрежи и 16 национални НВО) за да ги земе предвид сите предлози. За разработувањето на првите нацрт-документи ЕАПН Шпанија ги змеа предвид и предлозите налицата кои живеат во сиромаштија. Овие предлози доаѓаат од партиципативната работна група како и од годишните средби на лицата кои живеат во сиромаштија и социјална исклученост, на кои сите нивни предлози се собираат во извештаи од средбите. Тогаш се уредува документот на ЕАПН и им се испраќа на другите членови од платформата, за да стане попартиципативен документ.

Штом е готов, владата се среќава со највисоките претставници од третиот сектор, кои ги претставуваат заедничките документи изготвени со учество на сите НВО.

## АКТЕРИ НА ПОЛИТИКИ

Претстваниците од страна на владата и политичките актери треба да ги вклучат:

1) **Донесувачите на одлуки**: Луѓето кои имаат моќ да донесуваат одлуки на разни нивоа – што го вклучува и министерското ниво, и/или раководители на единици, акко што е соодветно, како и претставници на национално, регионално и локално ниво.
2) **Техничките лица/ советувачи за политики**: Лица со темелно техничко знаење треба да учествуваат во овој процес на дијалог.
3) **Претставници на јавни институции и други правни тела** кои вршат јавни услуги
4) **Овластени лица за граѓански дијалог:** овластени лица одговорни за процесот, градење позитивен однос со граѓанското општество и ангажираност на засегнатите страни низ различни домени на политики.

Важно е дека разните нивоа на владата, од локалните власти, општините до регионалната администрација и националите тела за донесување одлуки сите ја препознаваат потребата од ангажираност во граѓанското општество и да ги развиваат соодветните рамки за таа цел.

Овие докименти имаат за цел да ги поттикнат јавните власти за интегрирање на значајни консултативни процеси во своите работни методи.

Владините претставници ид различни оддели треба исто така да се вклучат – од суштинско значење е вработувањето, социјалната заштита, здравството, образованието, но и економските и финансиските оддели да се инволвираат во разни периоди.

*„Ја изградив довербата и самопочитта и повеќе не се плашам да работам заедно со креаторите на политики. Сега се чувствувам оспособено да ги испитувам прашањата со кои се соочуваме јас и мојата заедница и сега можам зборувам во јавност... Проектот EPIC ми даде глас и ми овозможи да ме чујат.“*

Учесниците во проектот EPIC, Керолин Мокфорд/ Шкотска.

## ДРУГИ ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

Значајно е да се вклучат **лицата кои директно се засегнати од конкретната политика** – во поглед на прашањето за политиката за борба против сиромаштијата, луѓето со директно искуство во сиромаштијата. Може да бидат поканети преку работата на НВО кои работат со и за нив, и/или нивното самоорганизирање.[16]

Понатаму, во зависност од темата, треба да се поканат и други засегнати страни. Тие ги ги имаат следниве заеднички карактеристики и треба да се бара едно избалансирано претставување помеѓу нив:

1. Претставници од организациите кои ги претставуваат интересите на лицата засегнати од политиката и ангажирани во активностите за застапување: НВО кои ги претставуваат лицата со директно искуство во сиромаштијата и/или се активни во борбата со сиромаштијата.
2. Социјални НВО вклучени во саваење услуги за справување со сиромаштијата
3. Социјални партнери (синдикати и вработени)
4. Истражувачи и научници
5. Претставници од организации кои се директно вклучени во развивањето/финансирањето на практични решенија
6. Неформални групи граѓани и иницијативи
7. Други релевантни поединци

**МИТ бр. 4: Луѓето кои живеат во сиромаштија не можат да земат учество на еднакво ниво**

⇒ И учесниците и донесувачите на одлуки имаат различни искуства и разни потешкотии за ефикасно ангажирање во таквата размена, и на двете страни им е потребно градење капацитети.

⇒ Знаењето на експертите на терен е од суштинско значење. Искуството на граѓанското општество треба да се смета за дополнителен влог и увид и соодветна помош за нивно

[16] На интернет страната на ЕАПН можат да се најдат контактите на сите членови на ЕАПН (национални мрежи и европски организации) http://www.eapn.eu/en/who-we-are/our-members

изразување.

- ⇒ Луѓето со директно искуство во сиромаштијата се најкомпетентните да зборуваат за сопствениот живот. За да им ја дадеме вистинската поддршка, треба да ги слушаме.

*„Ако одгледаме генерација на која ќе и биде јасно дека секој има право да си ги оствари правата на учество, потоа ова ќе се пренесе на наредната генерација.“*

Марија Херцог, Претседател на Еурочајлд на Годишната конференција на Еурочајлд: Градење една инклузивна Европа – придонесот на учеството на децата, 15. ноември 2013 год.

**МИТ бр. 5: Премногу е тешко да се најдат вистинските засегнати страни, а и не знаете дали се одговрни**

- ⇒ НВО ја преземаат оваа одговорност, тие го обезбедуваат застапувањето
- ⇒ Владата на НВО честопати се надоврзува на искуството на илјадници луѓе кои живеат во сиромаштија, предизвикани од организациите на локално, регионално, национално и ниво на ЕУ.
- ⇒ Луѓето со директно искуство во сиромаштијата по дефиниција секогаш се застапуваат самите себе.
- ⇒ Кога се вклучуваат другите засегнати страни (пр. Во бизнис светот), честопати не се поставува ова прашање, истите правила треба да важат за сотезасегнати страни , но консултирањето мора да се надоврзува на експертиза, а не секогаш на претставување/застапување*.




## КАКО?

*Во овој дел ќе ви претставиме некои конкретни чекори за значајна ангажираност на засегнатите страни. Секој процес на вклужување на засегнатите страни си има свои карактеристики, барања, рок итн.Овие чекори не се ексклкузивни ниту пак целосни, туку се важни делови од процесот, корисни совети и инструменти за зајакнување на квалитетот и ефикасноста на процесот за ангаѓирање на засегнатите страни. Сите чекори се важни и еднакви. Редоследот по кој се претставени, не значи дека ги го следи хронолошкиот редослед по кој треба да се преземат чекорите, потребен е флексибилен пристап.*

*Ангажираноста на засегнатите страни треба да претставува значаен дел од процесите на квалитетно донесување одлуки, од самото планирање, спроведување, до оценување на политиките кои вклуувааt разни актери како*

*релевантни засегнати страни, но исто така и национални парламенти. Целиот циклус на политики го надминува опсегот на овој документ, па се концентрираме на начинот како да се организира замата ангажираност на засегнатите страни.*[17]

## 1. Дефинирање на опсегот и условите за дијалог и ангажираност

- √ Проценување на состојбата на вашиот консултативе процес каква што е во моментов
- √ Одлучете што сакате да постигнете и како, со временска рамка
- √ Јасно формулирање на вашите прашања и очекувања
- √ Планирање на консултативниот процес, притоа одлучувајќи каде ќе се оддржи консултацијата на различни етапи
- √ Давање доволно време за ангажираност: ова подразбира време за подготовка за одредени групи, т.е. лица со директно учество во сиромаштијата

## 2. Ангажирање на вистинските засегнати страни

- √ Развивање на мапирање на постоечките засегнати страни и одново разгледување на рамнотежата со цел луѓето со директно искуство во сиромаштијата и нивните НВО се подеднакво преставени
- √ Барање, контактирање и покана на релевантните засегнати страни (НВО кои работат на ниво на ЕУ, национално, регионално и локално ниво, на пр. национални платформи за борба против сиромаштијата...)
- √ Дискутирање на временската рамка со засегнатите страни

[17] Мотивирачки пракси и прирачници за целокупниот циклус политики може да се најде во разни извори на ОН: http://unep.ch/etb/publications/IPSD%20manual/UNEP%20IPSD%20final.pdf, http://www.unesco.org/education/pdf/11_200.pdf, http://web.undp.org/evaluation/documents/HandBook/ME-Handbook.pdf

**Мотивирачка пракса бр. 4: Алијанса против сиромаштијата, Проект – докази, учество, промена (EPIC) , Обединето Кралство/Шкотска: Форум за справување со сиромаштијата**

*„Еден од клучните елементи на проектот беше создавањето простор за дијалог: форумот за справување со сиромаштијата. Тој се состоеше од околу 40 члена: една третина државни службеници на повисоко ниво, една третина волонтерски сектор (НВО) и една третина луѓе со искуство во сиромаштијата.*

*Форумот се среќава на секои 6 месеци за да го разгледа напредокот на рамката за борба против сиромаштијата во Шкотска. Форумот се заснова на членството, па се среќава на редновна основа, создавајќи конринуитет и одговорност. Темите колективно се договараат од членовите – нееднаквост во здравството, стигматизацијата од живеење во сиромаштија и детска сиромаштија. Целокупната цел е да се создаде простор за непрекинат дијалог помеѓу оние кои се директно вклучени во креирањето политики, оние кои работат на нивно влијание, како и на оние кои се засегнати од исходите на политиките.“*

(ЕАПН 2012: Рушење на бариерите, носење промени – студии на случаи за градење учество на лицата кои живеат во сиромаштија, стр.70-71).

## 3.Воспоставување јасна координација и контакт лица за засегнатите страни

- √ Именување лица од владата како контакт лица, т.е. лица одговорни за овие процеси. Овие лица не само што ги организираат формалните средби на дијалог, но исто така и посетите на НВО.

- √ Имањето контакт лице/а за организацијата го продлабочува односот и ја негува размената и дијалогот во текот на годината.

- √ Овие лица се одговорни за континуиран квалитет во ангажираноста, вклучувајќи го тука и развојот на индикатори, редовна оценка и известување.

**МИТ бр. 6: Ангажираноста на засегнатите страни чини многу пари**

Точно е дека финансиската поддршка претствува неопходен услов за еден квалитетен процес за ангажирање на засегнатите страни. Но, ...

- ⇒ Главните трошоци од ангажираноста треба да се постават врз придобивките од зголемена општа согласност и подобрени политики. Споредено со целокупните буџети, овие трошоци се мали по пропорција.
- ⇒ При оценувањето на трошоците, треба да се направи проценка на трошокот на невклучените засегнати страни – т.е. негативната критика и погрешното информирање за политиките, недостаток од општа согласност за решенија на политиките.
- ⇒ Претставува инвестиција, а не трошок, доведува до оспособување на луѓето и подобри политики
- ⇒ Конкретно знаење и разумна консултација се бесценети!

## 4/ Инвестирање во ангажираноста – распределување ресурси

- √ Ангажираноста на засегнатите страни подразбира процеси на учење за сите вклучени страни. Потребна е интензивна подготовка, време и човечки ресурси.
- √ НВО треба да имаат капацитет, што подразбира да бидат оспособени како засегнати страни и да добијат поддршка во оваа задача, исто така и на финансиски план.

√ Подготовката и дијалогот се континуирани процеси, непрекината ангажираност, која има потреба од соодветни и постојани ресурси.

Потребни се ресурси за:

- ✓ самите средби
- ✓ превоз
- ✓ сместување
- ✓ тековна ангажираност
- ✓ подготвителни средби
- ✓ дополнителни трошоци за учесниците (детска грижа, телефонски јавувања, фотокопирање...)
- ✓ останато

## Покана на засегнатите страни – организирање прва средба

- ✓ Објаснете го опсегот, појаснете ги очекувањата, дискурирајте и приспособете ја временската рамка

- ✓ Договорете се како понатаму да се одвиваат консултативните процеси

- ✓ Запознајте се: експертиза, потреби, очекувања...

## 6. Инвестирање во ефикасни методологии

### Пред средбата

- ✓ Употреба на пристапен и јасен јазик и оставете време да се научи терминологијата за темата за која се консултира

- ✓ Развивање глосар, да се подели на учесниците

- ✓ Инвестирање во обука и градење капацитет за основните прашања/услови за учесниците и организаторите

- ✓ Засегнатите страни треба да добијат пристап до сите релевантни информации навремено и да им се даде доволно време за подготовка и интерна консултација

- ✓ Поставување јасна стратегија за граѓански дијалог – за луѓето да мислат дека вреди да се инвестира време и енергија во тековниот процес и не третирајте го како еднократка средба

- ✓ **Во текот на средбата**
- ✓ Создавање атмосфера на почит, заемна доверба и благодарност.
- ✓ Инвестирање во креативни („нетрадиционални“) методологии, на пр. Интерактивни работилници и дискусии во групи за дискусија честопати се поефикасни од традиционалните методи
- ✓ Важно е да се дискутира процесот на дијалог, кои се целите, кој е досегот на процесот, што може да се очекува како исход... и однапред да се извести за ова.
- ✓ Бидете реалистични и искрени
- ✓ Залагајте се најранливите учесници да добијат збор, а не да се уплашат од останатите учесници. Ова може да се постигне ако се поканат доволен број лица кои живеат во сиромаштија, или може да се употреби buddy system*/работа во парови. Ова подразбира внимателно претседавање, распределено време во дневниот ред за дискуции итн.
- ✓ Поддршка за финансиските активности, практични решенија за посебните целни групи, употреба на материјали соодветни на восраста и пристапи за деца и млади лица.

**Мотивирачка пракса бр. 5: Методологија: Правило на куќата Чатам**

**Чатам кучата** е систем за одржување дебати на контроверзни теми, наречен по централата на Кралскиот институт за меѓународни работи во Обединетото Кралство, во Обединетото Кралство исто така познато и како Чатам куќата каде се појавило правилото во јуни 1927 год.

Според овие правила, од учесниците се бара слободно да зборуваат, имајќи на ум дека иако ќе се прави записник, нема да има записи за тоа кој ги направил конкретните излагања. Во одредени случаи, каде е особено контроверзно, може да биде договорено да не се прават формални записници. Секој од присутните слободно може да ја цитира содржината од дискусијата, но не е дозволено да каже кој го искоментирал истото. Целта е зголемување на отвореноста во дискусијата.

### По средбата

- √ Да им се даде сопственоста на консултираните лицата да почувствуваат дека тие имаат влијание (да се консултираа при нацрт-документите, но и да имаат увид како треба да циркулираат документите, договарање наредни средби, следење на процесот низ разни етапи...)

- √ Да се даде писмена повратна информација за средбата – записник, но и детаљни следни активности, повратни информации за влоговите и следните средби – контакт лица за прашања.

- √ Објавување во јавноста на исходите од консултирањето и процесите

- √ Дури и кога не се земени предвид некои од предлозите, сепак е важна повратната информација (која објаснува зошто не се прифатени одредени предлози) и која може да гарантира континуиран конструктивен дијалог. Владите не треба да се плашат од несогласувања, туку треба да покажат волја да слушаат и да се ангажираат во вистинска дебата.

## 7.Инвестирање во градење капацитети

- ✓ Организирање обуки за државните службеници за зајакнување на нивниот капацитет за организирање значаен дијалог на засегнатите страни, вклучувајќи ги и луѓето со директно искуство во сиромаштијата
- ✓ Овие обуки треба да се насочуваат преку користење разни (креативни и неконвенционални) методологии, познавање на реалноста за жовотот во сиромаштија, други примери на успешни партиципативни процеси.

- ✓ Инвестирање во монтинуирано градење капацитети на граѓанските асоцијации во изготвувањето квалитетни предлози, застапување и лобирање, што ќе придонесе за подобрувањето на консултативниот процес, дијалог и соработка.

**Мотивирачка пракса бр. 6: РЕАПН – ЕАПН Португалија**

Националниот консултативен совет на луѓето кои живеат во сиромаштија (NCC*) беше развиен од страна на ЕАПН Португалија во 2009 год. и има за цел активно да ги вклучи луѓето кои живеат во сиромаштија во борбата на ЕАПН против сиромаштијата и социјална ексклузија.

NCC* ги следи и оценува релевантните национални политики преку информирање, обука, истражувања и партиципативно планирање. Од 18те локални консултативни совети, се бира еден член како претставник на локалните групи да учествува но Националниот совет на луѓето кои живеат во сиромаштија, кој заседава на секои 3 месеци.

Некои од клучните исходи вклучуваат: развивање на инструменти за зголемување на свеста, оценување на социјалната политика преку партиципативно оценување, придонес во документот за позиционирање учество на Европските средби на лицата кои живеат во сиромаштија.

## 8.Воспоставување или зајакнување на правна рамка за граѓански дијалог

- ✓ Рамката треба да ги создаде условите за партиципативни иницијативи (статутарна/правна рамка (закони, стратегии, акциони планови, код на добри пракси, финансирање итн.).
- ✓ Признавање и прифаќање на квалитетни стандарди за структурен граѓански дијалог.
- ✓ Формализирање на граѓански дијалог
- ✓ Применување и следење на спроведувањето на овие правила.

- ✓ **9.Промовирање заемно учење и размена на методологии и резултати со други администрации и на ниво на ЕУ**

- ✓ Употреба на постоечките платформи и можности за размена
- ✓ Воспоставување на знаења и бази со податоци на мотивирачки пракси
- ✓ Организирање размена лице-в-лице (колегијални прегледи) во рамките на земјите и во ЕУ
- ✓ Применување и следење на спроведувањето на насоките

**Мотивирачка пракса бр.7: Градови кои им помагаат на децата* (CFC) во Шпанија**

Програмата **Градови кои им помагаат на децата (CFC** е иницијатива чија цел е поддршка и наградување на сите локални субјекти кои работат на постигнување на содржаните принципи содржани во Конвенцијата за правата на детето и поконкретно оние кои се поврзани со вистинско и ефикасно учество на децата.

Градовите во Шпанија имаат можност да ги изготвуваат своите пријави за сертификација како градови **Градови кои им помагаат на децата*** на секои две години. Барањата кои важат за признавањето вклучуваат меѓу другото*и создавање на совет за деца и млади.

CFC* се препознава како инструмент за промоција на учеството на децата – наведена во Националниот план за деца и младинци 2012-2015 издаден од Министрeството за здравство, социјална работа и еднаквост.

Во рамката на програмата, беа напишани насоки и прирачници за локалните власти на инклузија на децата во локалниот процес на донесување одлуки.

Младинскиот онлајн парламент се формираше за да го промовира учеството на децата помеѓу членовите од локалниот детски совет: како место каде можат да дискутираат децата на практични теми во поглед на нивниот живот на локално ниво.

Локалните алијанси за деца и млади (ALIA) се формирани за промоција на еднаквост, социјална кохезија и граѓански дијалог во поглед на политиките релевантни за децата, засновани на соработка помеѓу банките, бизнис секторот, граѓаните и јавните субјекти вклучувајќи ги и општините.

## 10.Оценување, приспособување и интегрирање

- √ Мора да постои непрекинато оценување и учење: добивање редовни оценки од засегнатите страни и донесувачите на одлуки и соодветно адаптирање на процесот/методологијата
- √ Оценување на ефикасноста на партиципативниот процес и нејзино приспособување, каде е неопходно
- √ Интегрирање на целокупниот процес на вклучување луѓе во сите процеси на донесување одлуки.

**Мотивирачка пракса бр. 8: ЕАПН Шведска**

Во 2010 год., ЕАПН Шведска започна заеднички проект со ABF - Шведското организација за слободно образование за возрасни која ги оспособува луѓето со директно учество во сиромаштијата да се ангажираат во креирањето политики.

Проектот, кој користи методи за образование на возрасни, чиј интерес е изнаоѓање и обука на луѓе кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија за создавање и водење локални групи на колеги во дијалог околу Социјалниот отворен метод на координација (Социјален ОМЦ*) низ Шведска.

Овој дијалог се оддржа на 10 рагионални конференции на дијалог, чии пораки беа испратени до Националната конференција на дијалог*, кои се оддржуваа околу 4 теми: Ексклузија, политика на домување, социјални права и минимален приход/системи за социјална заштита.

Освен позитивното влијание средбите на дијалог, ја подобри и комуникацијата помеѓу двете владини нивоа за дискутираните политики.

Шведската влада се заложи за да ги оствари очекувањата на Социјалниот ОМЦ и да делува на нив преку поддршка на ангажираноста на корисниците. Искуството на ЕАПН Шведска во рамките на европската мрежа и нејзиното пзонавање во доменот на Социјалниот ОМЦ и европската агенда помогна во нејзината врска во владата и исто така во оспособувањето на нејзините корисници. Владата почна да ги обучува овластените лица во општините и

регионалната администрација, како и политичарите да се среќаваат и да ги инволвираат корисниците на подобар начин и ЕАПН Шведска беше одговпрна за органиирањето и оспособувањето на корисниците во ангажирањето во дијалог на разни нивоа со јавните власти. (Видете: http://eapn.eu/images/stoies/docs/MAG/mag-136-en.pdf. )

## ДЕЛУВАЊЕ!

### Создавање на вистинската рамка на ниво на ЕУ

*Ангажираноста на засегнатите страни е важна и неопходна на сите нивоа на донесување одлуки, од локално, регионално, национално до ниво на ЕУ. Би била најефикасна доколку се воспостави на сите нивоа на политики и во сите домени на политики. Секој од актерите инволвирани на секое ниво сноси одговорност. ЕУ треба да ги поттикне земјите-членки за организирање на процеси за ангажирање на засегнатите страни.*

**Самата Еу и Европската комисија особено, треба да играат активна улога преку создавање на вистински услови, обезбедување резултати од управувањето и следењето:**

⇒ **Развивање насоки за ангажираност на засегнатите страни во Европа 2020** кои првобитно беа предложени од Комуникацијата на Комисијата на Европската платформа против сиромаштија и социјална ексклузија. Овие насоки конкретно треба да ги идентификуваат луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија како клучни засегнати страни и да ги разгледаат клучните слабости во тековниот процес и да вклучат како да се зајакне влијанието на учеството во процесите за донесување одлуки.[18]

⇒ **Употреба на насоките за развивање стандарди** за инволвирање на засегнатите страни во социјалната димензија на Европа 2020 заедно со SPC* преку работна група.

[18] Comments paper* - *European Anti-Poverty Network (EAPN) Peer Review on the Belgian anti-poverty Platform EU2020, Belgium 2014, Paul Ginnell*

⇒ **Редизајнирање на форматот на Годишната конвенција на Европската платформа против сиромаштија и социјална ексклузија.** Треба да се развива преку поголема ангажираност на засегнатите страни и да се поврзе со постоечките партиципативни процеси од типот на национални платформи против сиромаштија и социјална ексклузија и средбите на луѓето кои живеат во сиромаштија. Треба да е структурирано на начин кој би овозможил поактивна дебата помеѓу засегнатите страни и да ја зголемат итноста  во идентификувањето како да се направи напредок во псотигнувањето на целите за намалување на сиромаштијата и социјалната ексклузија.[19]

⇒ Обезбедување неопходни финансии за воспоставување на партиципативни процеси поврзани со целта за намалување на сиромаштијата од стратегијата Европа 2020, притоа овозможувајќи пристап до средствата на **Структурните фондови .**

⇒ Обезбедување на потребната тековна **финансиска и политичка поддршка** за годишните **Европски средби на луѓето кои живеат во сиромаштија за поврзување со Конвенцијата.**

⇒ **Развивање на „банката на знаење“*,** за разлика од Пакетот социјални инвестиции, со земјите-членки и Еурофонд* за ширење на наученото. Ова треба да вклучува ширење на знаењето за ангажираност на засегнатите страни во политичките процеси.[20]

⇒ **Организирање на лице-в-лице заеднички искуства за учење** помеѓу земјите-членки и регионални власти, преку вклучување на претставници на граѓанските организации.

⇒ Инвестирање во работата на локалните, регионалните, националните и ЕУ организации кои работат со и за луѓето со директно учество во сиромаштијата. Ова ќе го зголеми капацитетот на луѓето да учествуваат во развојот и спроведувањето на одлуките кои влијаат на ниувните животи и притоа да поддржуваат подобро управување и креирање политики.[21]

⇒ **Давање јасно водство на земјите-членки** за да се прошири во поглед на консултирање и

[19] Ibid

[20] Ibid

[21] Ibid

учество. Употреба на сите релевантни инструменти на политики, пр. Издавање на CSRS во оваа област.

⇒ **Користење на претстојниот Семестрален преглед*** на стратегијата Европа 2020 **како одлична можност за следење на овие препораки** и да се распространи, поддржи и да стане ефикасна стратегијата Европа 2020!

*„Оваа Годишшна конвенција на Европската платформа против сиромаштијата и социјалната ексклузија е единствена од овој вид која ги здружува сите актери во борбата против сиромаштијата и социјалната ексклузија. Оттука, конвенцијата го изразува фактот дека сиромаштијата и ексклузијата можат да бидат совладани преку многу тесно партнество помеѓу инволвираните и засегнатите. Бидејќи верувам дека може да ни помогне само еден инклузивен и партиципативен пристап во дефинирање на вистинските политики во моментов, а и во иднина.*

Хозе Мануел Дурао Баросо, Претседател на Европската Комисија, Брисел, декември 2013 год.



## БИБЛИОГРАФИЈА

European Anti-Poverty Network (2012), *Breaking Barriers – Driving Change - Case studies of building participation of people experiencing poverty*, Brussels.
http://www.eapn.eu/images/stories/docs/eapn-books/2012-participation-book-en.pdf

European Anti-Poverty Network (2013), *Widening the Gap*, EAPN assessment of the National Reform Programmes 2013.
http://www.eapn.eu/images/stories/docs/NRPs/2013-EAPN-NRP-Report.pdf

European Anti-Poverty Network (2013), Conference Report: *What progress on poverty and participation*, October 2013.
http://issuu.com/eapneurope/docs/2013-report-conference-eu2020

European Anti-Poverty Network (2013), *EAPN Toolkit on Engaging in the National Reform Programs,* March 2013.
*http://www.eapn.eu/en/news-and-publications/news/eapn-news/new-eapn-toolkit-on-engaging-in-the-national-reform-programmes-and-national-social-reports-2013*

European Commission (2010), *Europe 2020: A strategy for smart, sustainable and inclusive growth*, Communication COM (2010) 2020 final, Brussels.
http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:2010:2020:FIN:EN:PDF

European Commission (2013), *Towards Social Investment for Growth and Cohesion – including implementing the European Social Fund 2014-2020,* Commission Communication COM(2013) 83 final, Brussels.
http://ec.europa.eu/social/main.jsp?langId=en&catId=1044&newsId=1807&furtherNews=yes

European Commission Communication: *European Platform Against Poverty: A European framework for social and territorial cohesion*/* COM/2010/0758 final */
http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ALL/;ELX_SESSIONID=vCnQTq5hjDJF2nCdK2qsZHQHktV2QLpH3fcKWnLj5DTyllS7Sv37!196752014?uri=CELEX:52010DC0758

European Commission (2014), Commission Delegated Regulation of 7.1.2014 on the European Code of Conduct on Partnership in the framework of the European Structural and Investment Funds, C(2013) 9651 final, Brussels.
http://ec.europa.eu/regional_policy/what/future/pdf/preparation/da_code%20of%20conduct_en.pdf

European Commission Guidance Note for the NRPs 2014. (Not publically available)

European Council, Conclusions of the European Council, 24-25 March 2011. Available at:
http://www.consilium.europa.eu/uedocs/cms_data/docs/pressdata/en/ec/120296.pdf
http://www.euractiv.com/elections/record-60-europeans-tend-trust-e-news-529566

Eurobarometer 2013. http://ec.europa.eu/public_opinion/archives/eb/eb79/eb79_first_en.pdf

Frazer H. and Marlier E. (2014), *Assessment of Progress towards the Europe 2020 social inclusion objectives,* EU Network of Independent Experts on Social Inclusion, European Commission, Brussels. http://ec.europa.eu/social/main.jsp?catId=1025&langId=en&newsId=2050&furtherNews=yes

Frazer H. (2014), *Discussion paper for the Peer Review on the anti-poverty platform,* Belgium, 2014.

Ginnell Paul, European Anti-Poverty Network (EAPN) (2014), *Comments paper - Peer Review on the Belgian anti-poverty Platform EU2020,* 2014.
*http://ec.europa.eu/social/main.jsp?catId=1024&langId=en&newsId=1897&furtherNews=yes*

UNEP (2009), Integrated policy making for sustainable development manual.
http://www.unep.ch/etb/publications/IPSD%20manual/UNEP%20IPSD%20final.pdf

UNESCO (1995), Education policy planning process an applied framework.
http://www.unesco.org/education/pdf/11_200.pdf

UNDP (2002), Handbook on monitoring and evaluating for results.
http://web.undp.org/evaluation/documents/HandBook/ME-Handbook.pdf

## Повеќе информации за ангажираноста на засегнатите страни

### Inspiration from NGOs

EAPN (2012), Breaking Barriers-Driving change: case studies of building participation of people experiencing poverty.
http://www.eapn.eu/en/news-and-publications/publications/eapn-books/breaking-barriers-driving-change-eapns-new-book-on-participation-is-out

EAPN (2009), Small Steps, Big Changes.
http://www.eapn.eu/en/news-and-publications/publications/eapn-books/eapn-book-small-steps-big-changes

EAPN (2014), Widening the Gap: EAPN 2013 Assessment of the NRPs.
http://www.eapn.eu/en/news-and-publications/publications/eapn-position-papers-and-reports/eapn-publishes-widening-the-gap-2013-marked-the-3rd-round-of-national-reform-programmes-since-the-launch-of-europe-2020-in-2010-eapn-has-engaged-in-this-process-every-year-

EAPN MAG (2012), The Crisis of Democracy, Anti-poverty organisations respond. http://www.eapn.eu/images/stories/docs/MAG/mag-136-en.pdf

AGE-Platform Europe (2010), Guide for Civil Dialogue on Promoting Older People's Social Inclusion.
http://www.age-platform.eu/images/stories/106_AGE-civil-dialogue-UK-web.pdf

Eurochild (2010), Valuing Children's potential – how children's participation contributes to fighting poverty and social exclusion.
http://www.eurochild.org/fileadmin/ThematicPriorities/Participation/Eurochild/ValuingChildren_sPotential.pdf

### Inspiration from Corporate Social Responsibility

BSR: 5-Step Guide to Stakeholder Engagement.
http://www.bsr.org/reports/BSR_Five-Step_Guide_to_Stakeholder_Engagement.pdf

IFC (2007). Good Practice Guide for companies in emerging markets. http://www.ifc.org/wps/wcm/connect/938f1a0048855805beacfe6a6515bb18/IFC_StakeholderEngagement.pdf?MOD=AJPERES

### Inspiration from EU, international and national political actors

European Commission, DG Sanco (2011), Code of Good Practice for consultation of stakeholders. http://ec.europa.eu/dgs/health_consumer/dgs_consultations/docs/code_good_practices_consultation_en.pdf

European Commission, DG Employment, Social Affairs and Inclusion. Peer Review on the Belgian Platform Against Poverty.
http://ec.europa.eu/social/main.jsp?langId=en&furtherNews=yes&newsId=1897&catId=89

Australian Government (2007) Stakeholder Engagement: Practitioners Handbook. https://www.immi.gov.au/about/stakeholder-engagement/_pdf/stakeholder-engagement-practitioner-handbook.pdf

UN-Redd programe (2011): Guidelines for Stakeholder Engagement. http://www.un-redd.org/Stakeholder_Engagement/Guidelines_On_Stakeholder_Engagement/tabid/55619/Default.aspx

UN Human Rights Council Special Rapporteur on extreme poverty and human rights (June 2013). Report on the participation of persons living in poverty.
http://www.ohchr.org/EN/Issues/Poverty/Pages/ParticipationOfPersonsLivingInPoverty.aspx

World Bank – COMMGAP programme (2001). Multi-stakeholder Dialogue. http://siteresources.worldbank.org/EXTGOVACC/Resources/MultiStakeholderweb.pdf

CIVICUS/Felix Dodds and Emily Benson (2009). Multi-stakeholder Dialogue. http://www.pgexchange.org/images/toolkits/PGX_D_Multistakeholder%20Dialogue.pdf

REVIT (2007) Stakeholder Engagement
http://www.revit-nweurope.org/selfguidingtrail/27_Stakeholder_engagement_a_toolkit-2.pdf

EC Project: Stakeholder Involvement in Social Inclusion Policy (2010) provides a wealth of material on concepts and case studies. http://www.stakeholders-socialinclusion.eu/site/en/concepts/cidi

## Благодарност

***Овој прирачник се заснова на долгогодишното искуство во учество и активна вклученост на луѓето со директно искуство во сиромаштијата при ЕАПН (Европска мрежа за борба против сиромаштијата) и нејзините членки (националните мрежи за борба против сиромаштијата и европските организации). Развиена е преку посебно експертско тело за ангажираност на засегнатите страни на*** *ЕАПН Група за Инклузивни стратегии на ЕУ и изготвена од Елке Вандермеершен од Белгиската мрежа за борба против сиромаштијата.*

*Особена благодарност до членовите на експертското тело: Кале Лаане (ЕАПН ЕЕ), Изабел Аљенде (ЕАПН Шпанија), Сонја Валборн (ЕАПН СЕ*), Река Туниоги (Еурочајд), Наташа Најденова Левиќ (МППС-ЕАПН Македонија), Елке Вандермеершени Пол Розирс (БАПН), Мајиеј Муќарзук (Платформа AGE Европа), Шан Џоунс, Нели Епинат и Ребека Ли (Секрекатијат на ЕАПН).*

*Голема благодарност и до Финтан Фарел (ЕАПН), Џулиен Ван Геертсом и Хозе Горис (Белгиска федерална администрација за социјална интеграција) за нивните корисни коментари.*

*Фотографии:*

Page 1: European Meeting of People experiencing Poverty, Brussels, 2013 © Rebecca Lee, for EAPN.

Page 4: Michael Schütte at the Journalist Award ©Armutskonferenz Österreich / EAPN Austria.

Page 18: European Meeting of People experiencing Poverty, Brussels, 2013 © Rebecca Lee, for EAPN.

Page 26: Maria Sledz speaking at the Ursynowtown hall 2010 © Pierre Klein, for ATD Poland.

ИНФОРМАЦИИ И КОНТАКТ

*За повеќе информации за ова издание, контактирајте ја*
Шан Џоунс, Координатор за политики на ЕАПН

sian.jones@eapn.eu

0032 2 226 58 59

За повеќе информации за општите изданија и активности на EAPN:

www.eapn.eu

**Прирачникот има за цел да даде свој придонес во оваа важна цел преку обезбедување заеднички приниципи, конкретни инструменти и совети кои би им помогнале на креаторите на политики да преземат битен чекор во практикување на ефикасен дијалог помеѓу засегнатите страни, повикувајќи се на мотивирачки пракси – на ниво на ЕУ, на национално и поднационално ниво.**

**Европската мрежа за борба против сиромаштијата (EAPN) е независна мрежа од НВО и групи вклучени во борбата против сиромаштијата и социјалната ексклузија  во земјите-членки на ЕУ, основана во 1990 година.**

Европска мрежа за борба против сиромаштијата. Дозволено печатење, под услов да се наведе изворот на текстот. **Септември 2014 год.**

EUROPEAN ANTI POVERTY NETWORK

The information contained in this publication does not necessarily reflect the position of the European Commission.

EAPN is supported by the Directorate – General for Employment, Social Affairs and Inclusion of the European Commission. Its funding is provided for under the European Community Programme for Employment and Social Solidarity PROGRESS (2007 – 2013).